РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-767/2
20.11. 2024 год.
ВЕЛЕС



# Програма за изведување на училишна екскурзија во учебната 2024/2025 за учениците од II (втора) година при ОСУ „Јовче Тесличков" - Велес

Согласно со чл.6 од Правилникот за изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (07 - 9992/3 од 05.06.2014), програмата содржи:

1. **Воспитно-образовни цели на училишната екскурзија:**

Социјализација и дружење меѓу децата, едукација и забава. Да се подобри дружењето помеѓу учениците надвор од училишната средина, да се развијат позитивни навики за соживот. Да се стекнат нови знаења, да се збогатат оние што веќе ги знаат од училиште со тоа што ќе можат одблиску да се запознаат со убавините, спомениците, природниот свет и друго.

**2. Задачите на училишната екскурзија се остваруваат преку:**

Развивање интерес за природата и градење еколошки навики, градење чувство за сакање на својата земја, толеранција и соживот, поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, развивање позитивен однос кон националните естетски вредности, социјализација, рекреација и создавање навики за здрав живот.

**3. Содржини и активности:**

Посета и разгледување на градот Охрид, стариот град, античкиот театар, Манастирот „Плаошник" и црквите „Св. Јован Канео" и „Св. Софија", Самоиловата тврдина. Посета на Струга, Вевчанските извори и Црн Дрим, посета на комплексот Свети Наум и Музејот на Коските, посета на Битола и Хераклеа.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Антонио Пановски
Одговорни наставници: Класни раководители на II година
Учесници во екскурзијата: Учениците од II (прва) година и класните раководители
Број на ученици: 30 – 40 (проценка)

**5. Времетраење на екскурзијата:**

2 дена (еден работен ден и еден неработен ден).
Време на изведување на екскурзијата: Мај 2025 година;

**6. Локации за посета и правци на патување**

**Правци на патување: Велес – Струга – Охрид – Битола – Велес**

Локации за посета:
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:

**1 ден.**
- поаѓање од Велес
- посета на Вевчанските извори
- посета на Струга, Црн Дрим
- ручек во Струга
- пристигнување во Охрид и сместување во хотел
- посета на Плаошник, Самоиловата тврдина, Музеј куќата на Робевци, црквите „Св. Јован Канео“ и „Св. Софија“,
- разгледување на градот
- вечера во хотелот
- ноќевање во хотелво Охрид;

**2 ден.**
- појадок во хотелот
- поаѓањеод Охрид
- посета на Музејот на Коските, посета на манастирот „Св.Наум”
- посета на Хераклеа во Битола
- пристигнување во Велес

При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатсва на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

**Напомена:** Агендата може да претрпи мали измени

**7. Техничка организација:**
Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, училишната комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди, во придружба на лице од агенцијата и лекар.

**8. Начин на финансирање**:
Екскурзијата во целост ја финансираат родителите / старателите на учениците.

**Програмата ја подготвија:**

Директор: м-р Васко Трајковски
Психолог: Катерина Ефремова
Раководител на екскурзијата: Антонио Пановски
Класен раководител: Љупчо Петров
Класен раководител: Марија Левкова Куновска
Класен раководител: Димитар Кичуков
Наставник: Златко Гуцев